ОКТА
МЕМО

0201- 1448/21 -6
27.05.2021

Врз основа на член 487 и член 490 од Законот за трговските друштва и член 36 од Правилата за котација на Македонската берза, Собранието на акционери на ОКТА АД – Скопје на својата 31-ва седница на Годишното Собрание, одржана на ден 27.05.2021 година ја донесе следната

# ОДЛУКА
за утврдување на дивиденден календар

**Член 1**

Врз основа на Одлуката за одобрување на исплата на дивиденда, дивиденда во бруто износ од 73 денари по акција ќе биде исплатена на акционерите.

Акционерите на ОКТА ќе бидат известени за предложениот износ на дивиденда преку Јавен повик за свикување на Годишното Генерално Собрание на акционери на ОКТА.

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

**Член 2**

Последен ден на тргување со право на дивиденда е 14.06.2021.

**Член 3**

Првиот датум тргување без право на дивиденда е 15.06.2021.

**Член 4**

Датумот на кој се определува листата на акционери со право на дивиденда ќе се утврди врз основа на Акционерската книга на 16.06.2021 до 16:00 часот.

**Член 5**

Исплатата на дивиденда ќе се изврши на 26.07.2021, но не подоцна од 30.09.2021.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Годишно Собрание на Акционери
Претседавач

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 1 Акционерско друштво